Арх

[redacted]

Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
Скопје

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

ИП1 бр.15-275
25.09.2023г.
Скопје

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Генерален инспектор за животна средина Дарко Блинков од Скопје со службена легитимација бр. 06-0010, врз основа на член 200 став (1) точка 6 и точка 9-6 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 171/2022), по извршениот вонреден инспекциски надзор во деловното седиште на ДПТТР ЕУРОПРОГРЕС ДООЕЛ с.Долно Коњаре Петровец, застапувано од одговорното лице Ќамил Османовиќ, во врска со постапување на правниот субјект согласно одредбите од член 24 од Законот за животната средина, а заради отстранување на недостатоците утврдени во записникот ИП1 бр.15-275 од 11.09.2023г. донесе:

# **Р Е Ш Е Н И Е**

Правниот субјект ДПТТР ЕУРОПРОГРЕС ДООЕЛ с.Долно Коњаре Петровец, со деловно седиште на ул. 1 бр. 3 во с.Долно Коњаре, Петровец застапувано од одговорното лице Ќамил Османовиќ со адреса на живеење на ул.1 бр.3 во с.Долно Коњаре:

1) СЕ ЗАДОЛЖУВА да ги спроведе целосно мерките од одобрениот Елаборат за оцена на влијанието врз животната средина од експлоатација на песок и чакал од Поле-А во концесиското поле с.Долно Коњаре, Општина Петровец, Глава 5.Параметри за експлоатација и рекултивација, 5.1 Технолошки процес на експлоатација и да се придржува целосно по одобрениот Елаборат. За спроведените мерки писмено да се извести надлежниот инспектор за животна средина.

РОК: 60 дена од приемот на решението.

2) Се забранува работата на горенаведениот правен субјект во концесиското поле Б, односно се забранува да врши

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

експлоатација на песок и чакал се до целосно спроведување на мерките од точка 1 од решението.
РОК: 90 дена од приемот на решението.

3) Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспектор за животна средина врз основа на налог за вонреден инспекциски надзор бр.02-1040/1 од 11.09.2023 година издаден од Директор на Државен Инспекторат за животна средина, како и врз основа на планиран вонреден надзор со месечен план за септември, по претходно барање од Инспекциски Совет за координирани надзори на ДИЖС и Државен Инспекторат за Техничка Инспекција и добиено известување од нивното постапување, изврши вонреден инспекциски надзор согласно членовите 24 и 198 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 171/2022) во деловното седиште на ДПТТР ЕУРОПРОГРЕС ДООЕЛ с.Долно Коњаре, Општина Петровец. На ден 11.09 во после пладневните часови извршен е двочасовен теренски увид на лице место на локацијата каде се одвива дејноста на концесиското поле во близина на р.Пчиња, при што е направен првичен разговор во административните простории со одговорното лице на правниот субјект и обиколка на самата локација при што е изготвена и фото документација. Правниот субјект поседува два Елаборати за заштита на животна средина изработени во 2010 година, за кои од страна на Управата за животна средина при МЖСПП се издадени решенија за одобрување на истите и тоа за Поле-А со бр.11-4666/2 од 07.05.2010 година, а за Поле-Б со бр.11-5049/2 од 20.05.2010 година.

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

На лице место при инспекцискиот надзор е утврдено дека од страна на правниот субјект се превземени активности за рекултивација на концесиско Поле-А од јужна страна, забележана е механизација која работеше на лице место на Блок 1. Поле-А има повеќе блокови (3) од кои ниту еден блок не е целосно експлоатиран. Пред одземањето на концесијата во април 2021 година од страна на Владата на РСМ, од страна на правниот субјект е изјавено дека иако не е целосно завршена експлоатацијата на Блок 1 (делот кој се користи за пристапен пат не е целосно експлоатиран), веќе е отпочнато со рекултивација на горенаведената локација на Блок 1, по што е стопирана целата активност на лице место се до крајот на месец септември 2022 година кога е отпочнато повторно со работа, врз основа на претходна правосилна одлука на Управен Суд за поништување на одлуката за одземање на концесијата.

Во прилог од одговорното лице на правниот субјект е доставен и Записник за констатација ИП1 бр.479 од 11.08.2023 изготвен од страна на м-р Драган Димитровски, Главен Инспектор во ДИТИ, со кого е остварена и телефонска консултативна комуникација на ден 13.09.2023 година во однос на експлоатација на блоковите од Поле-А согласно рударски проект.

Одговорното лице изјави дека е паралелно работено на трите блокови од Поле-А, при што не се целосно следени насоките од одобрениот Елаборат за заштита на животната средина согласно 5. Параметри за експлоатација и рекултивација, Точка 5.1 Технолошки процес на експлоатацијата.

Што се однесува на Поле-Б, одговорното лице изјави дека во тек се почетни припремни работи (отстранување на хумусот, односно истиот од Поле-Б се користи за рекултивација на Поле-А).

Одговорното лице изјави дека доаѓа до поплавување на концесиското поле при повисок водостој на р.Пчиња која меандрира, а од страна на правниот субјект се преземени мерки за привремена заштита која не е трајна и се оштетува (дел е однесен насипот од водотекот). Од страна на правното лице се доставени повеќе барања уште од 2011 година до денешен ден до АД Водостопанство на РСМ, Министерство за Економија и Министерство за животна средина и просторно планирање, ДИЖС за трајно решавање на овој проблем.

При надзорот се утврдени следните недостатоци.

-Не се целосно следени насоките од одобрениот Елаборат за заштита на животната средина согласно 5. Параметри за

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

експлоатација и рекултивација, Точка 5.1 Технолошки процес на експлоатацијата.

Од страна на правниот субјект преку допис од овластен полномошник Адвокат Атанас Аврамовски од Скопје со седиште на Бул.Крсте Мирсирков 9/10 со лиценца број 2232 на АКРМ, се доставени во писмена форма на три страници забелешки архивирани на ден 20.09.2023 година во ДИЖС по Записник за констатација ИП1-275 од 11.09.2023 година и истиот не го потпишува одговорното лице.

Генералниот Инспектор за животна средина не се согласува со наодите во писмените забелешки и поради тоа се донесе решение како во диспозитивот.

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/2019) може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 15-275 од 25.09.2023г.

Доставено до :
- Архива
- ДПТТР Еуропрогрес ДООЕЛ, с.Долно Коњаре, Петровец

ГЕНЕРАЛЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Дарко Блинков